Уп. бр. 10-31

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18, 208/24 и 16/25) и член 124 алинеја 3) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија„ бр.124/15 и 65/18), постапувајќи по предлог за огласување на решение за ништовно доставен од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на седницата одржана на ден 25.02.2025 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Предлогот УП. Бр. 10-31 од 06.02.2025 година (бр. 13-350/1 од 06.02.2025 година) на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за огласување за ништовно на Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп. 10-92 од 29.11.2019 година, СЕ УСВОЈУВА.

2. Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп. бр. 10-92 од 29.11.2019 година СЕ ОГЛАСУВА ЗА НИШТОВНО БИДЕЈЌИ НЕГОВОТО ИЗВРШУВАЊЕ ВООПШТО НЕ Е МОЖНО.

**Образложение**

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (во натамошниот текст: ДТИРЗ) со допис бр. 13-350/1 од 06.02.2025 година (Наш бр. 10-31 од 06.02.2025 година) побара од Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст: КЗК) да го огласи за ништовно Решението на КЗК Уп. бр. 10-92 од 29.11.2019 година.
Во прилог кон дописот бр. 13-350/1 од 06.02.2025 година, ДТИРЗ ги достави и Решение на КЗК Уп. бр. 10-92 од 29.11.2019 година, Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр. 45-10145/1 од 28.12.2019 година за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и услуги КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден – корисник на технолошка индустриска развојна зона Скопје 1; Одлука на Влада на Република Северна Македонија бр. 44-7485/1 од 14.09.2020 година за давање на согласност за раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр. 09-1419/1 од 20.12.2017 година и бр. 09-895/1 од 12.06.2019 година склучен со Друштвото за производство и услуги КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден, како закупопримач; Одлука на Управен одбор на ДТИРЗ бр. 02-1196/9 од 20.09.2024 година за престанок на важење на Одлуката со бр. 02-1627/14 од 10.12.2019 година за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош со Друштвото за производство и услуги КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден; Одлука на Владата на Република Северна Македонија за престанување на важењето на Одлуката за давање

согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и услуги КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ ИЛИНДЕН – корисник на технолошка индустриска развојна зона Скопје-1; како и еднострана изјава бр. 03-947/11 од 21.09.2020 година за раскинување на Договор за долготраен закуп на градежно земјиште бр.09-1419/1 од 20.12.2017 година и бр. 09-895/1 од 12.06.2019 година склучен со Друштвото за производство и услуги КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ ИЛИНДЕН, како закупопримач, потврден – солемнизиран под ОДУ р. Бр. 513/17 и ОДУ р. Бр. 701/19.

Владата на Република Северна Македонија на ден 28.12.2019година, донесе одлука бр.45-10145/1 за давање на согласност на договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и услуги КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден.
На ден 28.01.2025 година, Владата на Република Северна Макдонија, ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлука за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и услуги КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ ИЛИНДЕН – корисник на технолошки индустриска развојна зона Скопје од причини што Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр. 09-1419/1од 20.07.2017 година и бр. 09-895/1 од 12.06.2019 година склучен со Друштвото за производство и услуги КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден е раскинат со еднострана изјава од страна на закуподавачот, односно КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден повеќе не е закупец во технолошка индустриска развојна зона, не се пристапи кон склучување на Договорот за доделување на државна помош.
Владата на Република Северна Македонија на седница одржена на 14 септември 2020 година, донесе Одлука за давање на согласност за раскинување заведено со арх. бр. 44-7485/1 од 14.09.2020 година на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр.09-1419/1 од 20.12.2017 година и бр. 09-895/1 од 12.06.2019 година склучен со Друштвото за производство и услуги КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден.
Со Одлуката се дава согласност на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони еднострано да го раскине Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производството и услуги КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден.

Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони донесе Одлука бр. 02-1196/9 за престанок на важење на Одлука за давање на согласност на Договорот за доделување на держава помош со Друштвото за производство и услуги КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден.

Врз основа на горенаведеното КЗК одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спорпред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска Николиќ**